# РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2023-2027




ООУ„КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
с.Романовце- Куманово тел/факс.031 465181
**Sh.F,,Kirili e Metodij,,f.Rramanli**
**e-mail - oou.kiril.metodij@gmail.com**



## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

**ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ с.Романовце** се наоѓа во с.Романовце - општина Куманово и ги опфаќа учениците од с. Романовце од македонска и албанска националност. Централното училиште се наоѓа во село Романовце а во негов состав е подрачно основно училиште во с. Агино Село во кое се опфатени и ученици од село Брзак.



Во централно училиште се опфатени 25 паралелки од кои сите се чисти паралелки во предметна настава а во одделенска настава оваа учебна година на македонски јазик - паралелки комбинирани настава и тоа 2 и 3 (второ и трето) и 4 и 5 (четврто и петто одд.). На наставата по албански јазик има вкупно 18 паралелки. Во ова се вклучени деца од прво одделение од 6 годишна возраст ( една паралелка на македонски и две на албански наставен јазик) кои работат по новата наставна програма на деветгодишно основно образование.

Во подрачното училиште во с. Агино Село има 9 паралелки на македонски наставен јазик.

Вкупниот број на учениците во ООУ „Кирил и Методиј" е 368 ученици. Од нив во централното училиште „Кирил и Методиј" с. Романовце има 300 ученици, од кои 251 ученици се на албански наставен јазик а 49 ученици на македонски наставен јазик. Во подрачното училиште во с. Агино Село се опфатени 68 ученици на настава на македонски јазик.

## РЕСУРСИ СО КОИ РАСПОЛАГА УЧИЛИШТЕТО

### Човечки потенцијал

Училиштето има 64 вработени од кои 58 наставници, кои наставата ја изведуваат: на албански јазик 33 наставници,а на македонски наставен јазик 25 наставници.

Наставниците се обучени за проектот интерактиво учење, работа со компјутер, проектот логичка математика, стандарди на оценување и професионален развој на наставниците кои имаат добиено сертификати.

Училиштето има стручни соработници педагог и психолог.

### Училиштето располага со:

**Централно училиште:**

- Наставничка канцеларија
- Библиотека
- Кабинет по информатика кој е опремен со компјутери пентиум и интернет linija.
- 15 класични училници.
- Канцеларија на директор, педагог/психолог и канцеларија на секретар

**Подрачно училиште:**

- Наставничка канцеларија
- 5 класични училници

### Опрема:

**Училиштето располага со:** 1 фотокопир , касетофони, синтисајзер, двд, графоскоп, микроскоп, 2 проектори, 5 принтери , таблет компјутери, модел – скелет на човек, модел – органи во човечко тело, миксер музикор, 10 карти географски и историски карти и друго.

**Финансиски средства:**
Училиштето се финансира од Министерството за образование и наука ( од државата) , од Општината Куманово и нема други дополнителни извори на средства.

## РЕСУРСИ НА УЧИЛИШТЕТО

**Сместување и просторни капацитети**
• Просторни услови
• Искористеност на просторните капацитети

**Наставни средства и материјали**
• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
•Училишната библиотека е добро опремена и располага со книги вклучувајќи ги и лектирните изданија, и прописно библиотекарот ја води библиотечната евиденција. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден.
• Потрошен материјал

# МИСИЈА

***Нашето училиште нуди образовни цели кои што овозможуваат оспособување на учениците за животот,користеќи образовна современа технологија и потикнувајќи доверба и почитување од нашите ученици и нивните родители.***

***Учениците од своите наставници се воспитуваат .***

***Во училишните клупи се образуваат, на спортските терени го развиваат телото и духот.***

***На прославите и забавите се социјализираат.***

***Нашето училиште е место каде сите овие активности се соединуваат.***

***Училиштето е светилник кој ни кажува каде да се движиме.***

# ВИЗИЈА

***САКАМЕ НАШЕТО***

***УЧИЛИШТЕ ДА БИДЕ***

***МЕСТО ЗА***

***ПРИЈАТЕН***

***ПРЕСТОЈ И***

***ЕФИКАСНО,***

***СОВРЕМЕНО УЧЕЊЕ!***

# М О Т О  Н А  У Ч И Л И Ш Т Е Т О

***„Не е страшно да не знаеш, страшно е да не сакаш да научиш!“***

## С Л О Г А Н И

- ***Учи за да научиш и да умееш.***
- ***Јас сакам и можам повеќе!***
- ***Работи паметно, а не потешко.***
- ***Само одговорните и упорните стигнуваат до целта.***
- ***Цени се себе си, ти можеш повеќе!***
- ***Почитувај за да бидеш почитуван!***
- ***Посади добрина, љубов ќе ти никне.***



# РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

**• Организација и реализацијата на наставата**
**-- За деветооделенска настава со нови наставни програми - Кембриџ наставни програми - I-IX одд.**

1. Подобрување на успехот - постигањата на учениците и дисциплината – правилата на однесување на учениците во училиштето.

2. Подобрување на редовноста на учениците и наставниците.

- **Училишна клима**
    1. Ученикот како фактор во донесување на одлуки.
    2. Отворена соработка меѓу трите фактори ученик-наставник-родител.

- **Менаџерство**
    1. Подобрување на тимска работа
    2. Редовно информирање.

- **Училишна култура**
    1. Почитување на кодексот на однесување на наставниците и учениците.

- **Професинално усовршување на настваниците**
    1. Обука за употреба на современите методи во наставата.

## <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

<table>
<tr><td colspan="2">ЦЕЛ 1: Професионален развој и стручно усовршување на наставниците<br><br>Обука на наставниците за работа со талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби</td></tr>
<tr><td>Фактори кои спречуват<br><br>Фактори кои ја успоруват реализацијата на целта.</td><td>Стратегии со кои се намалува влијанието на тие фактори<br><br>Стратегиии кои допринесууват во елеминирање на истите фактори</td></tr>
<tr><td>- Немотивирање на наставниците<br><br>- Недоволно познавање и информираност за посебните образовни потреби на учениците<br><br>- Недоволна употреба на разни методи и техники за подучување според потребите на учениците</td><td>- Обука на наставниците за работа со талентирани ученици и ученици со посебни образовни потреби<br><br>- Запознавање со инклузивна настава и изработка на ИОП<br><br>- Можности за брзо добивање на информации преку интернет<br><br>- Зајакнување на интерактивни односи наставник – ученик преку активности или истажување преку интернет</td></tr>
<tr><td>Фактори кои помагаат</td><td>Стратегии кои ги зајакнуват<br><br>овие фактори</td></tr>
<tr><td>- Реформите во образовниот систем<br><br>- Интересот на наставниците за совладување на нови техники и методи за работа со ученици со ПОП и талентирани ученици<br><br>- Поголема инклузија – еднакви шанси за сите</td><td>- Вовед во целите на реформите во образованието<br><br>- Добивање на голем број на информации преку интернет<br><br>- Вклучување на останатите ученици во работата со учениците со ПОП</td></tr>
</table>

# <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

| **ЦЕЛ 2: Надминување на традиционалната настава и користење на современи форми, методи и технологии во наставата (Продлабочување на знаењата на наставниците за примена на компјутерската технологија)** | |
|---|---|
| **Фактори кои можат да ја забават реализацијата на целите** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на истите** |
| - Недоволно познавање на некои наставници за спроведување на форми и нови методи во учењето<br><br>- Недоволна училишна опрема за користење на современи методи и форми кои ќе помогнат во примената во учењето | - Обука на некои наставници за спроведување на форми и нови методи во наставата<br>- Опремување на училиштето со современи помагала што ќе помогне во спроведувањето на методи и нови форми на учење |
| **Фактори кои помагаат** | **Зајакнување на овие фактори** |
| **- Реформите во образовниот систем**<br>**- Модернизација на високото образование**<br>**- Потребата за квалитетно образование**<br>**- Афирмација на резултатите** | - Запознавање на наставниците со реформите<br>РСМ. со образовниот систем<br>- Имплементација на нови форми и методи<br>- Истакнување и афирмација на успехот на учениците |

# <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

| **ЦЕЛ 3: Зајакнување на соработката со родителите -унапредување на известувањето на родителите за напредокот на учениците** | |
|---|---|
| **Фактори кои го попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување** |
| - Повикување на родители<br>- Социо-културната структура и родителско образование - голем број на необразовани родители<br>- Недостаток на интерес од страна на родителите | -Интензивирање на соработката на релација родител-ученик-училиште<br>- Организирање на работилници со родители за актуелни теми<br>-Процена на потребите на родителите од разговори со одредени наставници |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии кои ќе ги зајакнуват овие фактори** |
| - Поврзување на своите родители во дебатата и панел на тој начин ја потврди родителите и училиштата<br>- Најголем интерес i важноста на образованието | - Превземање на заедничка одговорност и meѓусебно pomagawe<br>- Зголемен интерес за образование на родителите и учениците |

## РАЗВОЈНА ЦЕЛ:

| ЦЕЛ 4: МОТИВАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ПОГОЛЕМА ЕФИКАСНОСТ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување** |
| - Недостаток на интерес на учениците<br>- Недостаток на интерес од родителите<br>- Одбивање на ученици<br>- Одбивање на родители<br>- Несоодветна подготовка на некои од наставниците да го поттикне ученикот за подобри резултати | - Поголем интерес на учениците<br>- Поголем интерес на родители<br>- Голема мотивација на учениците<br>- Голема мотивација на родителите<br>- Обука на наставниците за зајакнување на интерактивниот однос наставник-ученик-родител |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - На најдобар успех на ученикот во сите области на воспитно образовниот процес<br>- Поддршка за наставниците, учениците и родителите да постигнат подобри резултати<br>- Почитување на објективност во оценувањето (Стандарди и критериум | - Запознавање на учениците и родителите со целите кои треба да се постигнат.<br>- Надворешни и внатрешни работилници за да ги унапредат постигнатите резултати |

| | |
|---|---|
| при оценувањето) | |

## **РАЗВОЈНА ЦЕЛ:**

| **ЦЕЛ 5: ОДГЛЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ НА ОДНЕСУВАЊЕТО (МЕЃУЧОВЕЧКИ И ЕТНИЧКИ )** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат насилства** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на нивните проблеми** |
| -Понизок социо-образовен статус na родители<br>- Занемарување на учениците za наставата | - Поголем ангажман на родителите за воспитание на нивните деца<br>- Кодекс на однесувањето на учениците и Кодекс на однесување на наставниците |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Позитивна училишна клима<br>- Етика-нов предмет во шесто одделение<br>- Меѓучовечка и етничка толеранција Проекти „Мултикулти“ | - Запознавање на родителите со Кодексот на однесувањето на учениците<br>- Воведување на учениците во различни вредности и придобивките од препознавање и почитување на разновидност<br>-Заедничка работилница со 3 други училишта. |

## <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

| **ЦЕЛ 6: Изградба на спортска сала** | |
|---|---|
| **Фактори кои  попречуваат** | **Стратегии кои ќе го намали влијанието на овие фактори,** |
| -Недостаток на материјали средства<br>- Недостаток на соодветна документација<br>- Недостатокот на часовите за физичката култура  и здравјето на учениците. | - Изнаоѓање на начин да се обезбедат средства за изградба на спортска сала<br>- Соработка со локалната заедница, општината, Министерството за образование и др. |
| **Фактори кои  зајакнуват и мотивират** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Обезбедување на средства<br>- Регулирање и комплетирање на потребната документација | - Запознавање  на општината и Министерството со образовните цели и важноста на спорскиот терен<br>- Поддршка од родителите |

# **РАЗВОЈНА ЦЕЛ:**

<table>
<tr><td colspan="2">ЦЕЛ 7: Подобрување на квалитетот на наставата преку создавање услови за кабинетска настава (предност да имаат природната група предмети – математика,физика, биологија, географија)</td></tr>
<tr><td>Фактори кои попречуваат</td><td>Стратегии кои ќе придонесат за надминување</td></tr>
<tr><td>- Недостаток на финансиски средства<br>- Недостаток на физички простории кои ќе се користат како кабинети<br>- Мотивираност на наставници за изведување на кабинетска настава</td><td>- Изнаоѓање на начин да се обезбедат средства за набавка на потребниот инвентар и нагледни средства и помагала<br>- Соработка со локалната заедница, општината, Министерството за образование и др.<br>- Идентификување на постоечките простории како и расположивите нагледни средства</td></tr>
<tr><td>Фактори кои помагаат</td><td>Стратегии кои ќе ги зајакнат овие фактори</td></tr>
<tr><td>- Подобри резултати во учењето<br>- Модернизација на образование<br>- Имплементација на совремите форми и методи во наставата<br>- Афирмација на училиштето</td><td>- Познавањето на промените во општеството и реформите во образованието<br>- Воведувањето на училиштето во систем за рангирање на училиштето.</td></tr>
</table>

# <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ:</u>

| **Цел 8: НАПРЕДОК ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА РЕЗУЛТАТИТЕ** НА ПОСТИГАЊАТА **НА УЧЕНИЦИТЕ** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување** |
| - Недостаток на исти критериуми и во стандардите во оcенувањето<br>- Постоење на стереотипи кај некои наставници во однос на оценувањето на учениците | - Изготвување на стандарди и критериуми за оченување (секој наставник за својот предмет)<br>- Интерна обука (стручни активи) за да се надмине субјективност во оценувањето |
| **Фактори кои помагаат**<br>**Фактори кои зајакнуват и мотивират** | **Стратегии со кои ќе се зајакнат**<br>**овие фактори** |
| -Објективно оценување<br>- Јавно оценување<br>- Мотивирани ученици | - Среќни ученици<br>- Информирани родители<br>- Зајакнување на самодовербата кај учениците<br>- Поквалитетно учење |

## РАЗВОЈНА ЦЕЛ:

| **ЦЕЛ 9: Збогатување на книжевниот фонд на библиотеката со нови лектирни изданија и стручна литература.** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на овие фактори** |
| - Недостаток на материјалните средства за купување на школски лектири<br>- Недостаток на материјалните ресурси на набавка на стручна литература за наставниците | - Изготвување на листа на приоритети за набавка на нови лектирни изданија и стручна литература.<br>- Изнаоѓање на начин да се обезбедат материјални средства (проекти, соработка со издавачки куќи)<br>- Соработка со локалната заедница |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои ќе се зајакнат овие фактори** |
| - Создавање на услови за поголема посетеност на библиотеката од учениците и наставниците се со цел за унапредување на наставата во нејзиниот квалитет и стекнување на нови знаења.<br>- Подобрени навики на учениците за читање на лектири<br>- Поквалитетно учење | - Истакнување и афирмација на постигнатите резулати во врска со читањето на учениците.<br>- Информирање на наставниците за задоволување на потребите на учениците (талентираните ученици и читање од книги од различни области) |

# <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

| **ЦЕЛ:10. Обезбедување на просторија која ќе биде пренаменета во сензорна соба за ученици со ПОП во подрачното училиште** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на нивните** |
| - Недостаток на материјални средства.<br>-Недостаток на училници /слободни простории за пренамена<br>- Мотивираност на наставници за изведување на соодветна настава за ученици со ПОП | - Проценка на постоечките простории и можност за доградба на нова просторија<br>- Изнаоѓање на начин да се обезбедат материјални средства (проекти )<br>- Соработка со локалната заедница, општина и МОН |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Подобри резултати<br>- Поефикасно остварување на воспитно-образовниот процес<br>- Олеснување на процесот на учење на ученици со ПОП | Подобрување на услови за работа за учениците, наставниците и образовните асистенти |

# <u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:

| **ЦЕЛ:11. Изградба на нов санитарен чвор и санација на постоечкиот** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на нивните** |
| - Недостаток на материјалните стредства.<br>- Недостаток на материјалните ресурси на набавка на градежен материјал | - Изнаоѓање на начин да се обезбедат материјални средства (проекти )<br>- Соработка со локалната заедница општина и МОН |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Подобри резултати на хигиена во училиштето и поголема сигурност на здравјето на учениците<br>- Поефикасно остварување на воспитно-образовниот процес | Подобрување на услови за работа за учениците и наставниците |

**<u>РАЗВОЈНА ЦЕЛ</u>:**

| **ЦЕЛ:12. Целосно уривање на стара училишна зграда или реконструкција на старата зграда и пренамена во градинка во централното училиште** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на нивните** |
| - Недостаток на материјалните стредства.<br>- Недостаток на материјалните ресурси на набавка на градежен материјал | - Изнаоѓање на начин да се обезбедат материјални средства (проекти)<br>- Соработка со локалната заедница, општина и МОН |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Подобри резултати на поголема сигурност на учениците<br>- Поефикасно остварување на воспитно-образовниот процес | Подобрување на услови за работа за учениците и наставниците. |

# РАЗВОЈНА ЦЕЛ:

| **ЦЕЛ:13. Подобрување на условите за работа и естетскиот изглед со целосна реконструкција на подрачното училиште** | |
|---|---|
| **Фактори кои попречуваат** | **Стратегии кои ќе придонесат за надминување на нивните** |
| - Недостаток на материјални средства. | - Согледување - идентификување на моменталната сосотојба на прозорци и врати<br>- Изнаоѓање на начин да се обезбедат материјални средства (проекти )<br>- Соработка со локалната заедница, општина и МОН |
| **Фактори кои помагаат** | **Стратегии со кои се зајакнуваат овие фактори** |
| - Подобри резултати<br>- Поефикасно остварување на воспитно-образовниот процес<br>- Полесно затоплување на просториите | Подобрување на услови за работа за учениците и наставниците |

# ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

## Со план за евалуација треба да добиеме важни информации за тоа каков успех сме ги реализиравме посебните задачи и активности и како што ние ги направивме примената (имплементација) на нашиот развојен план во нашето училиште.

План за евалуација вклучува:

- • Критериуми за успех
- • Инструменти за евалуација
- • Носителите на активности
- • Динамика

| ЗАДАЧИ | КРИТЕРИУМ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ | ДИНАМИКА |
|---|---|---|---|---|
| 1.1. Да се обучат наставниците за работа со талентирани ученици и ученици со ПОП и изработка на ИОП | 75% од наставниците обучени за работа со ученици со ПОП и талентирани ученици | Обуки<br>Интернет<br>Прирачници | -Сите наставници | 2023 – 2027 |
| 1.2. Сите наставници да ги употребуват овие знаења во наставата | Поквалитетна настава<br>Поголема инклузивност | Тестови<br>Извештај за успех | -Обучени наставници за работа со ученици со ПОП | Перманентно |
| 2.1. . Да се обучат голем број на наставници за учење и примена на нови методи и форми во наставата | Поголем интерес на наставниците за примена на нови методи и форми во наставата | Инструменти за следење на наставата | -Група наставници | Перманентно |

| ЗАДАЧИ | КРИТЕРИУМ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ | ДИНАМИКА |
|---|---|---|---|---|
| 2.2. Обучени наставници во текот учебната година да реализират најмалку 15 наставни часови каде ќе се користат новите методи и форми во наставата | Зголемување на успехот на учениците во паралелките каде се спроведуват нови форми и методи | Тестови на знаење | -Директор<br>-Стручна служба | Перманентно |
| 3.1. Зајакнување на соработката преку работата на Советот на родителите | Поефикасна и подобра работа на Советот на родителите | Записници<br>Извештај | -Председател на советот на родителите | 2023 – 2027 |
| 3.2.. Организирање дебати ,дискусиии предавање и работилници и др. | Подобра соработка со родителите | Темат<br>Записници<br>Извештај | -Директор<br>-Стручни лица<br>-родители | 2023 – 2027 |
| 4.1 Формирање група наставници и стручна служба кои ќе ги следат постигнувањето на учениците во различни периоди. | Подобрување на редовноста и успех на учениците | Одделенски дневници<br>Извештај | -Група наставници<br>-Стручна служба | Перманентно |
| 4.2. Правилник за доделување на признаие и награди . | Зголемување на мотивацијата кај учениците | Признавање<br>Добитник на наградите<br>Дипломи | -Наставници<br>-Стручна служба | Перманентно |

| ЗАДАЧИ | КРИТЕРИУМ ЗА УСПЕХ | ИНСТРУМЕНТИ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ | ДИНАМИКА |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. Почитување на кодекот на однесување на учениците. | Подобрување на дисиплината во училиштето | Записници од одделенски советот Оделенски дневници | -Наставници<br>-Стручна служба | Перманентно |
| 5.2. Почитување на кодекот на однесување на наставниците. | Поквалитетна настава Подобра клима за работа | Извештај за пологодие и крај на учебната година | - Директор<br>- Група наставници | Перманентно |
| 5.3. Подготување на пароли и нивно почитување. | Подобрување на меѓучовечка и меѓуетничка толеранција | Записници од училишна заедница | -Одговорни наставници | 2023 – 2027 Перманентно |
| 6.1. Создавање услови за реализација на настава по физичко и здраствено образование | Подобра реализација на часовите | Извештај<br>Дневник | -Наставници од Физичко и здраствено воспитание | 2024 Перманентно |
| 6.2. Правилно растење и разој на учениците | Психофизичко здрави ученици | Извештај и систематски прегледи | -Наставници од Физичко и здраствено воспитание | 2024 Перманентно |
| 6.3. Создавање на навики за правилно користење на слободното време на ученикот. | Одбрана од лошите навики и<br>Правилно користење на слободно време | Записници од слободни ученички активности и вон наставни активности | -Наставници од Физичко и здраствено воспитание | 2024 Перманентно |

| ЗАДАЧИ | КРИТЕРИУМИ | ИНСТРУМЕНТИ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ | ДИНАМИКА |
|---|---|---|---|---|
| 7.1. Создавање на услови за реализација на кабинетска настава | Подобра реализација на часовите | Извештај<br>Дневник | -Наставници | 2023 – 2027 |
| 7.2. Употреба на соодветни помагала во наставата кои што го олеснуваат процесот на учење | Поквалитетна настава<br>Подобар успех на учениците | Извештај<br>Оделенски дневници<br>Тестови | -Наставници | Перманентно |
| 8.1. Објективно оценување на резултатите на учениците | Успешни препораки зголемување на мотивацијата кај учениците | Извештај<br>Тестови<br>Списоци<br>Оделенски дневници | -Сите наставници | 2023 – 2027 |
| 8.2. Јавно оценување на постигнувањето на учениците | Зголемување на мотивацијата кај учениците и поголем интерес и ангажирање на родителите во училште | Список<br>Евидентен лис<br>Извештај од родителски состаноци | -Сите наставници<br>-Ученици<br>-Родители<br>-Стручна служба | 2023 – 2027 |
| 9.1. Да се обезбеди школска литература. | Зголемнување на фондот на школски лектири | Евидентни листови во библиотека | -Директор<br>-Библиотекар | 2023 – 2027<br>перманентно |
| 9.2. Да се обезбеди стручна литература за наставниците (речник,лексикони и енциклопеди) | Постручни наставници | Надгледување на наставата | Директор<br>Стручна служба | 2023 – 2027 |

**Директор** **Председател на училишен одбор**

**Скендер Рушити** **Ајредин Целадини**

Иднината е во рацете на децата!

